# РЕВОЛУЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО – Прв заокружен проект од трите големи приоритети во Комората

# ЗА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА УЛОГАТА НА КОМОРАТА ВО ПРОЦЕСОТ


Бранко Азески, претседател на Стопанската комора

Улогата на Комората во процесот е од исклучително големо значење бидејќи речиси две децении се работи на проблемот со недостиг на кадар и тоа е прашање кое е ставено на пиедесталот во коморските активности. Постигнавме резултати, ги доближивме компаниите да работат директно со училиштата. Иако низ годините имаше и отпор, што од незнаење, што од други причини, сепак улогата на Комората како мост даде резултати. Направивме нешто за што знаевме дека сме способни и можеме да го направиме. Повеќе од 20 години различни епитети ѝ се давани на Комората, но ние со аргументи и со факти докажавме дека нашата единствена цел е да бидеме во функција на бизнисот и да работиме за нивните приоритети. Образованието е еден од клучните кој, доколку не се случеа разните видови кризи (финансиска, здравствена, енергетска, економска), ќе беше единственото клучно прашање за кое ќе се зборуваше. И само за тоа.


Никица Мојсоска Блажевски, потпретседател на УО на Стопанската комора и директор на „Македонија 2025“

Покажавме голем успех и честитки до сите компании кои се вклучија од самиот почеток, но и оние кои подоцна влегоа во концептот. Комората е иницијатор на идејата за образование што ги поврзува теоријата и практиката и тој процес ќе продолжи да се надградува и да се развива согласно потребите на бизнисот. Ни останува уште многу работа и во следниот период ќе работиме на претставување и на тригодишните и на двегодишните стручни студии во високото образование со 180, односно 120 кредити, кои ќе бидат многу интересни за бизнис-заедницата.


Наташа Павиќ, „Ван Хол“ Македонија

Искрена благодарност до Стопанската комора. Ние сме една од тие успешни приказни за дуалното образование. Од 2019 година сме вклучени во процесот заедно со уште други 10 фирми како пионери во процесот, во директна соработка со средното училиште „Боро Петрушевски“. Континуирано имаме ученици на практика и веќе се гледа разликата во нововработените доколку се дел од практиката или се дел од дуалното образование.


Ивица Талевски, Саса Македонска Каменица

Ние сме исто така една од успешните приказни во дуалното образование. Се приклучивме во 2021/2022 година. Стартувавме со машинска струка во средното училиште во Каменица. Низ пет генерации завршија 112 ученика. Лани заврши првата генерација од 23 ученика, од кои 10 продолжија на високо образование. Од останатите, 10 останаа на работа не само во Саса туку и во други компании. Затоа ги охрабрувам компаниите да се вклучат помасовно во овој процес.

## РЕВОЛУЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО –
## Прв заокружен проект од трите големи приоритети во Комората

# ЗА ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА УЛОГАТА НА КОМОРАТА ВО ПРОЦЕСОТ



Орде Георгиоски, „Витаминка“ Прилеп

Ние сме една од првите домашни компании која се вклучи во процесот на дуалното образование. Стопанската комора беше првата која понуди скроен добар модел, прифатлив за нас, и го истера процесот пред институциите. Нашиот слоган беше „теоријата без практика е како навигација без компас“. Во овие пет години запишавме пет генерации, 30-тина ученици, 10-тина се вработени. Предизвиците се дека има висок интерес за продолжување на високо образование, предизвик е и со учениците и со родителите дека дуалното образование не е само да се зема пари за одење на работа. Предизвик е да останат во компанијата, иако на 18 години е тешко да знаат каде сакаат да работат, иако не ги ограничуваме со ништо. Ова не е ништо ново, само станува збор за дисконтинуитет. Во поранешниот систем постоеше овој систем и сега повторно треба да го ставиме на нозе.



Тодорка Ристовска, „Либерти“ Скопје

Почнавме во 2019 година и презадоволни сме од соработката со Комората, но и со училиштето „Михајло Пупин“. Почнавме со 69 ученици, имаме 39 сертифицирани ментори кои помогнаа да се подобри програмата за практична настава. Учениците учат и за корпоративните култури за здравје и безбедност, за меки вештини. Од 2013 година имаме 320 студенти, практиканти, во летни периоди, но бидејќи не сме атрактивна индустрија (металургија), учениците не остануваат. И на краток рок нема ефект. Ефектот го гледаме преку враќање на истите деца како завршени студенти.



Горан Антевски, „Раде Кончар“ ТЕП

Вклучени сме по разни основи од 2019 година во повеќе проекти и за средно и за високо образование. За високото направивме сами програма со еден факултет и така задржавме сериозен дел од кадарот кои беа со стручно образование, а сега станаа инженери. Не се дипломирани, но се со 180 кредити и, што е најважно, добар кадар ни остана во компанијата – дел како добри инженери, дел како раководители. И овој пример треба да се користи како позитивен за веќе постојните вработени да се надградуваат.



Игор Антоновски, „Вабтек“ МЗТ

Од 2022 година започнавме со учење преку работа, или практична обука, а со дуално од 2025 година. Благодарност до Комората за активностите. За пофалба се активностите, но треба да се подобриме во односот на релација училишта – компании. Кадарот во училиштата сè уште не е подготвен да ја следи динамиката на компаниите, особено на мултинационалните компании, и можеби треба наставниот кадар да се вклучува повеќе во ова преку обуки, почеста посета на компании и сл.